

Македонскиот центар за меѓународна соработка во соработка (МЦМС) објави краток документ за јавна политика под насловот: Суштествена вклученост на граѓанските организации во „Целите за одржлив развој“ на Обединетите нации. Дали земјите од Западен Балкан заостануваат?, на авторките Симона Огненовска од (МЦМС) и Алека Папа од **Институтот за демократија и медијација (ИДМ) од Албанија**. Документот опфаќа кратка анализа за моменталната вклученост на ГО во локализација на Целите за одржлив развој (ЦОР) во целиот регион.

**Целите за одржлив развој (ЦОР) на Обединетите нации (ОН)** стапија во сила од јануари 2016 година. Со фокус на развиените земји и земјите во развој тие придонесоа кон растечкиот импулс за поддржување на развојот и неговото интегрирање во рамките на напорите за добро владеење.

Како што **Агендата 2030** го трасира патот кон одржлив развој, се чини дека Западен Балкан не заостанува премногу – барем кога станува збор за почетните чекори преземени за спроведување на ЦОР.

Овој документ содржи и конкретни препораки наменети за граѓанските организации, но и за националните влади и меѓународните организации.

Публикацијата е подготвена во рамки на регионалниот проект „ **Подготовка за развојна помош** ”, кој МЦМС го спроведува на национално ниво. Регионален координатор на проектот е Хоризонт3000 и БЦСДН, а партнери од ЕУ земји се СЛОГА од Словенија, Понтис фондацијата од Словачка и КРОСОЛ од Хрватска и Конкорд. Проектот е финансиран од Австриската агенција за развојна соработка и членките на Хоризонт3000.